Дневник, 8.7.1998, 694, 5

ХАВЗИ-ПАШИНИ КОНАЦИ ВО БАРДОВЦИ

# Годишна изложба на Сорос-центарот

Во Хавзи-пашините конаци во Бардовци вечерва во 21 часот ќе биде отворена четвртата Годишна изложба на Сорос-центарот за современи уметности - Скопје на тема "Портрет".

Станува збор за заеднички проект на еден ликовен уметник и еден критичар. Ќе бидат прикажани дела, реализирани во разни медиуми, на 11 проектни тимови: "Транслација" на Елизабета Аврамовска (уметник) и Соња Абаџиева (кураторка); "Во непознато постоење" на Антони Мазневски и Дејан Бугевац; "ретуш" на Томе Аџиевски и Марика Бочварова; "Затворени прозорци" на Нада Прља-Серафимова и Валентино Димитровски; "Идеопластична плазма" на Валентин Димановски и Ивана Јарчевска; "Layers" на Душан Дракалски и Кристина Миљановска; "Чичино" на Александар Кондев и Христијан Панев; "Fly Fisherman" на Мирослав Стојановиќ и Никола Писарев; "Портретот на граѓанинот(ката) од FYROM" на Александар Станковски и Мирослав Саркањац; "Сеќавање на смртта" на Минас Бакалчев и Митко Хаџи Пулја и "Портретот на Плотин" на Искра Димитрова и Ивица Цепаровски.

Специјално жири ќе додели една награда (2.000 долари), а Сорос-центарот за современи уметности организира автобуски превоз (секои 30 минути) од седиштето на Центарот.